# С Т А Т У Т
# на Македонското здружение по кардиологија

15.12.2011 Скопје

Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации, објавен во Службен весник бр 52, од 16.04.2010, и Одлуката број 01-5/4 од 10.05.2011год., Собранието на Македонското здружение по кардиологија на својата седница одржана на 15.12.2011 год. во Скопје, донесе:

# С Т А Т У Т

За организација и работа на Македонското здружение по кардиологија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Македонското здружение по кардиологија е самостојна стручна, научна и едукативна организација од областа на кардиологијата, ангиологијата, кардиоваскуларната хирургија, епидемиологијата, атеросклерозата, артериската хипертензија и кардиоваскуларната терапија.

**Член 2**

Здружението носи назив "МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ПО КАРДИОЛОГИЈА",Скопје со кратенка во понатамошниот текст МЗК, Скопје.

**Член 3**

Седиштето на МЗК е лоцирано на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија во Скопје, со адреса: ул Водњанска, бр 17, 1000 Скопје, Македонија, тел. 3113-116, факс 3164-134.

**Член 4**

МЗК е организирано како функционална целина и поврзаност на дејностите по кардиологија, кардиоваскуларна хирургија и ангиологија на подрачјето на Р.Македонија. Тоа работи во координација со Македонското лекарско друштво.

**Член 5**

МЗК има својство на правно лице, со свој печат и меморандум. Печатот на МЗК има тркалезна форма со пречник од 3,5цм, во средината има знак на срце, наоколу стои текст: **МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ПО КАРДИОЛОГИЈА, Скопје, (МЗК, Скопје).**
Секој член плаќа годишна членарина, чиј износ го утврдува Собранието.

**Член 6**

Здружението е самостојно во остварувањето на своите цели и задачи кои се утврдени со Статутот, во одредени случаи задачите ги дефинира со посебни Правилници. Работата на лекарите во Здружението е доброволна и почесна.

**Член 7**

Целта на Здружението е да ја унапредува стручната и научната работа од областа на кардиологијата, ангиологијата, кардиоваскуларната хирургија и кардиоваскуларната терапија. Во остварувањето на тие цели соработува со други стручни и научни институции, општествено политички организации, здруженија на граѓани како и со други организации и заедници и поединци.

**Член 8**

Заради остварување на заедничките потреби, интереси, цели и задачи, МЗК донесува планови и програми за работа, го поттикнува и помага развојот на науката од областа на кардиоваскуларните болести со цел унапредување на здравјето на срцевите болни и решавање на проблемите од областа на здравствената заштита на населението.

**Член 9**

Работата на МЗК е јавна. За својата работа МЗК ја информира јавноста преку стручни и научни собири и средствата за јавно информирање (печатот, телевизијата и радио).
Во МЗК се организира и спроведува јавна дискусија за одредени предлози, правилници, акти на Здружението или работните групи.
Органите и телата на МЗК се должни да ги разгледаат иницијативите, предлозите и забелешките кои ги покренуваат членовите на МЗК или други организации и заедници, кои имаат заеднички цели и задачи.

## II. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 10**

Задачите и целите на Здружението се:
- да ја развива научно-истражувачката, едукативната и стручната работа од областа на кардиологијата, епидемиологијата и патофизиологијата на кардиоваскуларните заболувања, валвуларните болести на срцето, болестите на миокардот и перикардот, вродените срцеви мани, атеросклерозата, коронарната артериска болест, периферната циркулација, нуклеарната кардиологија, електрофизиологијата и електростимулацијата на срцето, кардиоваскуларната хирургија,

инвазивната и неинвазивната дијагностика, перкутаните интервенции на срцевите болни како и примената на кардиоваскуларната терапија.

- Да ја продолжува и унапредува соработката со домашни и меѓународни здруженија и асоцијации од областа на кардиологијата, ангиологијата, кардиоваскуларната хирургија и педијатријата.
- Да организира конгреси, научни состаноци, симпозиуми, советувања, курсеви и други видови на едукација од областа на кардиологијата.
- Да учествува во подготовките и донесувањето на доктринарни ставови од областа на кардиоваскуларната патологија во согласност со постоечките Водичи базирани на докази од Европското кардиолоШко здружение, Америчкиот колеџ за кардиологија и Америчкото здружение за срце, со цел ефикасно и рационално работење на кардиолоШките институции и продолжување на животот, како и подобрување на квалитетот на животот на срцевите болни,
- Да учествува во изработка на национална програма за долготрајна превенција и намалување на кардиоваскуларните заболувања,
- Да учествува во изработка и остварување на наставните планови и програми за постдипломските студии, постдиполомското усовршување и оспособување на кардиолози на подрачјето на Р.Македонија,
- Да соработува со стопански организации, индустријата и индивидуалните граЃани во истражувањето, креирањето и продукцијата на медицински апарати, помагала, лекови и други средства за заШтита и лекување на срцевите болни,
- Да дава предлози за стручно усовршување, учество на симпозиуми и конгреси и други стручни состаноци во земјата и странство,
- Да издава научни и стручни публикации,
- Да доделува признанија и награди на свои членови и други заслужни стручни лица и граѓани,
- Да учествува во развојот, усовршувањето и негувањето на лекарската етика,
- Во остварувањето на горенаведените задачи Здружението треба да одржува стални контакти со своите членови, да прима и разработува предлози и сугестии, донесува заклучоци и истите ги упатува до надлежните институции и организации во земјата и странство,
- Обавува и други задачи во согласност со Статутот и други правни акти на Здружението.

## III . ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 11

Членството во Здружението е доброволно. Во Здружението се обезбедени еднакви права, обврски и одговорност на сите членови. Правата на членовите не може да се ограничуваат, освен ако тоа е одредено со овој Статут и Законските прописи.

### Член 12

Правата, обврските и должностите на членовите се:
- да учествуваат во работата на органите и телата на Здружението,
- да бираат или бидат бирани во органите на Здружението,
- да предлагаат и одлучуваат за Програмата за работа и да покренуваат конкретни праШања и да учествуваат во реШавање на истите.

### Член 13

Членовите на Здружението можат да бидат лекари кои имаат стекнато звање кардиолог со редовна едукација или лекари специјалисти-интернисти кои долг временски период се занимаваат со кардиологија и имаат докажани стручни и научни квалитети од областа на кардиологијата, да се магистри или доктори по медицински наки од областа на кардиологијата.
Во одредени случаи член на Здружението може да биде и лице кое е:
- член на некоја специјалистичка секција или дисциплина тесно поврзана со кардиоваскуларната патологија,
- да соработува со кардиолози на проблеми на здравствената заштита или да учествува во технолошки процес на дијагностика, лекување и користење на опрема од областа на кардиологијата,
- повеќе години да соработува со кардиолошка институција на проблеми кои се од посебен стручен интерес.

Членовите на здружението кои не се лекари ги имаат сите права како и членовите кои се лекари, освен во учество на избор и некои организациони прашања.

### Член 14

Во Здружението можат да бидат избрани и почесни членови.
Почесен член на Здружението може да стане и лице од земјата или странство, од групата на високо афирмирани научни, стручни и други јавни работници, ако имаат особени заслуги за напредокот на кардиологијата, ангиологијата и кардиоваскулараната хирургија .

Почесните членови се избираат на седница на Собранието на предлог на Извршниот одбор на Здружението. На почесните членови им се доделуваат Дипломи. На почесниот член му престанува членството со смртта или кога со својата работа и активност им штети на интересите на Здружението.

**Член 15**

Здружението може на своите членови, лекари и на други лица, на организации, заедници, домаШни и странски институции да им додели:

- дипломи, благодарници, плакети и пофалби.

Доделувањето на признанијата се регулира со посебен Правилник.

## IV . ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 16**

Со здружението управува - раководи Претседателството, со своите помошни органи и тела на Здружението.
Органи на здружението се:

1. Собрание на здружението
2. Претседателство на Здружението
3. Надзорен орган
4. Етичко правен одбор

**Член 17**

Заради разгледување и проучување на одредени прашања и давање на стручни мислења, Собранието и Претседателството можат да формираат постојани или повремени тела (одбори, комисии и друго)

**Член 18**

Мандатот на делегатите во органите и телата трае 4 години .
Мандатот на делегатите во органите и телата на Здружението можат да престанат и пред истекот на мандатот од 4 години, со поднесување на оставка, отповикување или од други причини.
Изборот на делегатите во собранието и во другите органи и тела го организира Претседателството на Здружението.

**Член 19**

Собранието на Здружението е највисок орган на здружението.
Собранието може да работи на редовни или вонредни седници.
Него го сочинуваат редовните членови на здружението, членовите на Претседателството, Надзорниот одбор и на Етичко правниот одбор.

Собранието го свикува Претседателот најмалку еднаш годишно во неговиот редовен состав. Претседателот е должен по потреба да свикува вонредно Собрание на Здружението, по барање на најмалку 5 редовни члена на Надзорниот одбор или на Етичко правниот одбор, најкасно 30 дена од приемот на писмено и образложено барање.
Собранието избира редовно Претседателство од 5 члена, од кои еден е Претседател. Претседателот го отвара Собранието и го предлага дневниот ред кој претходно го приготвува Управниот одбор, а го потврдува Собранието.
Собранието се одржува доколку се присутни повеќе од половината од членовите на Здружението.
Заклучоците донесени на Собраното се полноважни доколку се изгласани со мнозинство од присутните членови.

**Член 20**

Собранието на Здружението ги има следните задачи:

- Го донесува Статутот на Здружението и врши измени и дополни на Статутот,
- Го избира Претседателот на Здружението, а на предлог на Претседателот ги избира останатите членови на Претседателството, Надзорниот и Етичко правниот одбор.
- Расправа и донесува заклучоци со работата на Претседателството и надзорниот орган и за сите основни праШања на здружението, особено за прашањата на научно стручната и едукативната работа,
- На предлог на претседателството избира и разрешува членови на Здружението,
- Одлучува по Извештаите и предлозите на претседателството и Надзорниот одбор,
- Ги потврдува одлуките за членството на Здружението во соодветни меѓународни организации,
- Потврдува Одлуки за издавање на научни списанија и други научни публикации,
- Избира главен и одговорен уредник и уредувачки одбор за свои публикации,
- Потврдува одлуки за формирање на стручни комисии и го одредува нивниот состав и задачи,
- Утврдува предлог за место време за организирање на државни и меѓународни научно-стручни состаноци, симпозиуми и конгреси,
- Одлучува за висината на членарината на Здружението.

**Член 21**

Претседателството е извршен орган на Здружението.
Претседателството го избира Собранието на Здружението на секои 4 години. Бројот на членовите на Претседателството на Здружението се состои од 9 члена. Во вкупниот број на

претседателството влегуваат: Преседателот, Генерален секретар, Благајникот и 6(Шест) членови.
Состаноците на Претседателството ги свикува претседателот по потреба, а најмалку двапати годишно

**Член 22**

Претседателството одлучува со мнозинство на гласови од сите членови.

**Член 23**

Претседателството е изврШен огран на Собранието на Здружението и ги има следните задачи:

- Ги спроведува одлуките, заклучоците и препораките на Собранието,
- Ја координира и води целокупната стручна и општествена активност на МЗК во склад со овој Статут,
- Подготвува годишен план за работа на Здружението во согласност со програмата на Собранието,
- Подготвува финансиски план и Завршна сметка на Здружението,
- Управува со сопственоста на Здружението ,
- Му предлага на Собранието прием на нови членови,
- Предлага претставници на здружението во содветни организации и комисии,
- Врши и други работи кои се определени во овој Статут
- За својата работа претседателството одговара пред собранието на МЗК.

**Член 24**

Претседателот на Претседателството е истовремено и Претседател на Здружението. Здружението го претставува и застапува Претседателот во правниот промет со трети лица и пред судски органи. Во случај на спреченост на претседателот го заменува генералниот секретар. За здружението актите ги потпиешува Претседателот или од него овластено лице. Мандатот на Претседателот трае 4 години, со можност за повторен избор.
Претседателот на здружението ги свикува седниците на Претседателството и раководи со неговата работа.
Претседателот на Здружението го преставува Здружението во земјата и странство и дава иницијатива за покренување и решавање на актуелни прашања на Здружението и работните тела.

**Член 25**

Здружението има Генерален секретар кој истовремено е и Секретар на Претседателството и истиот го избира Собранието со мандат од 4(четири) години, со можност за повторно именување.

Секретарот ги извршува договорите на Претседателството, се грижи за остварување на финансискиот план и врши и други задачи кои ги одредува претседателството и надзорниот орган.

**Член 26**

Надзорниот одбор го избира Собранието на Здружението, а е сочинет од 3(три) члена од кои еден е Претседател кои ги има следните задачи:

- ВрШи увид во работата на Собранието и Претседателството согласно со Статутот,
- Врши увид во остварувањето на програмата,
- ја контролира законитоста во работата,
- врши надзор на финансиското и материјално работење на здружението,
- еднаш годишно поднесува извештај на Претседателството за својата работа а по потреба и на Собранието,
- на крајот на мандатниот период од 4(четири) години го известува Собранието за својата работа, за работата на Претседателството и предлага разрешување на Претседателството, односно нов избор и реизбор.

**Член 27**

Етичко-правниот одбор има 3(три) члена од кои еден Претседател и два члена кои имаат свои заменици. Претседателот, членовите и замениците ги избира и разрешува Собранието на Здружението.
Етичко правниот одбор работи по Правилник кој во себе инкорпорира одредби на Македонското лекарско друштво и на Лекарска комора на Р.Македонија.

**Член 28**

Благајникот на Здружението раководи со финансиското работење на Здружението, согласно на важечките прописи и усвоениот финансиски план:

- ги припрема финансиските документи,
- составува и предлага годишна пресметка,
- води надзор над извршувањето на пресметката на Здружението,
- еднаш годишно поднесува извештај за годишна завршна сметка и за тоа поднесува извештај до Претседателството и Собранието на Здружението.

**Член 29**

Заради проучување на одделни стручни и организациони прашања и подготвување на предлози, Претседателството има постојани и повремени комисии и работни групи.

Како постојани работни групи во Здружението се формираат:
1. Коронарна артериска болест
2. Интервентна кардиологија
3. Аритмии, електрофизиологија и електростимулација
4. Хипертензија
5. Ангиологија, периферна циркулација
6. Болести на миокард и перикард
7. Срцева слабост
8. Метаболни нарушувања и превенција на кардиоваскуларни заболување
9. Спортска кардиологија
10.Валвуларни срцеви заболувања, конгенитални срцеви заболувања кај возрасни
11. Педијатриска кардиологија
12. Ехокардиографија
13. Имиџинг техники: МПС, МП И КТ во кардиологија
14. Генетика и молекуларна биологија во кардиологија
15. Кардиоваскуларна терапија
16. Кардиоваскуларна хирургија

## V. СТРУЧНА И НАСТАВНО-НАУЧНА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 30

Стручната и научно наставната работа ја одредува Собранието на Здружението.
Прифатената програма ја спроведуваат членовите на Здружението во институциите во кои работат.
Програмата содржи организација на стручно научните состаноци, курсеви, симпозиуми, конгреси и други форми на дејствување, организирање на научни часописи и други публикации, анализа на кардиолоШки доктрини за здравствена заШтита, едукација на кадри, предлагање на стандарди за стручно и научно лабараториска работа, производство на помагала и апаратура од индустријата во делувањето на здружението.

## VI. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ И СРЕДСТВА НА МЗК

### Член 31

Здружението може да стекнува парични средства, хартии од вредност, инвентар и друг подвижен и неподвижен имот во согласност со законските прописи.
Средствата за работа на здружението се обезбедуваат преку уписнини и членарина која ја плаќаат членовите, од надомест на услуги што ги врши здружението, од подароци, завеШтанија, донации и други видови на спонзорства од организации, претпријатија и поединци.
Тука спаѓаат и приходи од предавања, конгреси, симпозиуми и советувања кои ги организира здружението, како и приходи

од публикации на здружението и од други извори на финансиски средства.

**Член 32**

За извршување на одредени задачи на здружението кои не се финансираат од членарината, односно за финансирање на посебни активности од програмата за работа на здружението, заинтересираните членови можат да здружат средства и да основаат фондови со посебна намена. Располагањето со овие средства се врши во согласност со општите акти на Здружението.

**Член 33**

Финансиското работење мора да биде во согласост со законските прописи кои важат во Република Македонија. Претседателството подготвува годишен финансиски план до крајот на месец февруари во тековната година.
Завршната сметка на финансиското работење за изминатата година мора да биде подготвена за секоја година до крајот на месец јануари.
Обврските на финансиското работење ги разгледува Управниот Одбор, а истите се презентираат и прифаќаат на Собранието.

## VII СОРАБОТКА НА ЗДРУЖЕНИЕТО СО ДРУГИ ДРУШТВА И ОРГАНИЗАЦИИ

**Член 34**

Здружението соработува со организации и институции на Р.Македонија кои имаат заеднички интерес за развој на кардиолошката дејност со која се занимава Здружението, како и со меѓународни сојузи кои ги интегрираат интересите на здружението.
Соработката на претходниот став се остварува со непосредни контакти, со размена на информации, публикации и други извори, со организирање на советувања, саеми и изложби со деловни поврзувања и други форми.

## VIII. ПРИЗНАНИЈА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 35**

Здружението на предлог на комисијата за награди и признанија, доделува признанија за постигнати резултати во струката, во здравството, за науката и за работата во Здружението.
Условите за стекнување на признанија, нивната цел и другите услови за добивање на признанија се уредува со посебен Правилник.

## IX. ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ПОСТОЕЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 36**

Здружението престанува да работи и постои:
- По одлука на Собранието со двотретинско мнозинство,
- ако се намали бројот на членовите под 20,
- по одлука на надлежен орган,
- во други случаи утврдени со закон
- Ако Здружението престане со работа, целиот имот се дели меѓу членовите на Здружението, соодветно на Одлуката на Собранието или пак рамномерно меѓу членовите - основачи на Здружението.

## X. АКТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 37**

Акти на здружението се:
- Статут на здружението,
- правилник за работа на надзорниот орган,
- правилник за работа на етичко-правниот одбор,
- правилник за доделување на признанија,
- правилник за избор на почесни членови на Здружението,
- деловник за работа на Собранието и комисиите,
- други акти што ги донесува Собранието и органите на здружението.

## XI. ПРЕОДИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 38**

Актите на Здружението Ќе се донесат во рок од 6 (шест)месеци од денот на стапување во сила на Статутот

**Член 39**

Измените и дополнувањата на овој Статут ќе се вршат на начини и постапка со која е донесен истиот.

**Член 40**

Овој Статут стапува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а со тоа Статутот донесен на ден 20. 07.1998 година престанува да важи.

**15.12.2012 година,Скопје** **Претседател**

**Проф.Др.СаШко Кедев**

**Претседателство на Македонското здружение по кардиологија за 2010-2014**

**Претседател: Проф. Д-р Сашко Кедев**
**Генерален секретар: Проф. Д-р Елизабета Србиновска Костовска**
**Благајник: Асс.Др. Јорго Костов**

**Членови:**

1. **Асс. Д-р Лидија Попоска**
2. **Асс.д-р Марија Вавлукис**
3. **Д-р Фатмир Ферати**
4. **Д-р Тања Ангушева**
5. **Д-р Снежана Дончоска**
6. **Д-р Агим Зекири**